**УДК 176.5:004.773.6/.7(497.711)**

**Инес Црвенковска-Ристеска (Македонија)**

# ВИЗУАЛИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА: ЕКОНОМИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНОСТА НА „ЖЕНА“ ОД РОМСКАТА МАШКА ЗАЕДНИЦА ВО СКОПЈЕ

*Айсшракш*: Визуализацијата на сексуалната работа има функција да ја дефинира сексуалноста и да ја направи *видлива* за потребите на потенцијалните потрошувачи, *клиеншише*. На ваков начин сексуалноста, а со тоа половиот/родовиот идентитет на поединецот се економизира. Во градењето на визуелниот наратив, сексуалната работничка употребува фотографии што носат визуелни *йораки*, на кои примарна улога има позицијата во понудената сексуална услуга.

*Клучни зборови*: визуализација, киберпростор, фејсбук-профил, сексуална работа, сексуалност, полов/родов идентитет, економизација.

Визуализацијата на сексуалната работа во рамките на јавниот киберпростор – на веб - страниците и на социјалните мрежи – има функција да ја дефинира сексуалноста на поединците, но и да ја направи *видлива*, со употреба на фотографии и дополнителен пишан текст, за потребите на потенцијалните потрошувачи, *клиеншише*. Соговорникот Лорета[1] (понатаму во текстот може и Л.) е од ромската заедница во Скопје. Во овој текст ќе видиме како соговорникот гради профил на „жена“ што работи сексуална работа и како, во рамките на виртуелниот свет, преку визуелен наратив, половиот/родовиот идентитет на „жена“ станува идентитет на „сексуална работничка“ чија сексуалност добива економска форма што ја нуди за пари или друг вид надоместок. Ваквиот приод кон сексуалноста на еден поединец ќе ни покаже „какви ефекти има економската инфраструктура на широката потрошувачка и какви се вредностите и ставовите на таа потрошувачка култура“ (Brents and Hausbeck 2007: 436) на микрониво. Тоа може да придонесе на сексуалната работа и на сексуалноста да се гледа од економски аспект, бидејќи „тоа ги историзира нашите разбирања, ги адаптира измените во економските контексти, со што се адаптира и културното значење на сексот во сексуалната работа“ (Brents and Hausbeck 2007: 436).

## Основи за градење идентитет на *сексуална рабошничка*

Основата за градењето идентитет на *сексуалнаша рабошничка* во локалните системи во ромската заедница во Скопје е во „женскиот“ идентитет на поединците

[1] Во рамките на текстот се употребува име што е измислено, со цел да се заштити идентитетот на поединецот, чија животна приказна е дел од истражувањето.

(„мажите“ во машката заедница ги препознаваат како *buljàshi*) во машката заедница, сегмент преку кој се економизира половоста/родовоста на индивидуална основа и се уредува телесното за потребите во сексуалната работа, што подоцна ги „идентификува карактеристичните својства во односите“ (Zelizer 2010: 156) со *клиентите*. Поради тоа, слободно може да се каже дека „сексуалните работници живеат во свет на диференцирани и маркирани општествени односи“ (Zelizer 2010: 156), при што се здобиваат со локална економска „работна терминологија“ (Kulich 1998: 142). За да се дознае нивното политичко значење во економскиот контекст, потребно е да се разгледува секој од тие термини низ нивната примена во пракса. За да се реализира ова, потребно е да се види како сексуалната работничка ја визуализира својата сексуална работа, што во поширока смисла значи и визуализација на половиот/родовиот идентитет на соговорникот, односно, во потесна смисла, визуализација на неговата сексуалност во рамките на локалниот ромски, односно локалниот македонски економски систем. На ваков начин, сексот може да се види „како производ (што) се дефинира, се продава и се троши“ (Brents and Hausbeck 2007: 436). Со визуализацијата производот од соговорникот ќе стане *видлив* во јавниот простор, што е од пресудно значење за неговата сексуална работа.

Почетоците во сексуалната работа соговорникот ги реализирал кога за првпат се обидел заедно со неговата *другарка* да симулираат изнаоѓање *клиенти*, со тоа што ги искористиле ноќните програми на одредени[2] приватни локални скопски телевизиски канали (повеќе за тоа Црвенковска - Ристеска 2013: 99–100). Основна функција на овие канали била, и сè уште е, да се обезбеди комуникација во живо меѓу гледачите, преку СМС-пораки.

> *Л.: ...Дома си седев една вечер со една моја другарка и ги гледаме пораките и викам: „Е, чекај ќе си пуштиме на заебанција“. Тогашка, уствари си пуштавме на заебанција, како демек девојчиња сме. И гледам, ау, се јавуваат. Никаква врска си немавме со сексуална работа. Онака, си се заебававме со лугето. И после тоа со другарот, коа ми текна, му викам: „Чекај“, му викам, „има пораки навечер“, му викам, „ќе пуштаме пораки“, му викам, „да ти ..., ... Таму ќе си пуштаме“, му викам, „и од таму ќе си ги наоѓаме клиентите. Супер!“ И.: Значи сте ги користеле на ..., ...? Л.: На ... и на ... и ден-денеска ги има тие пораки.(...) Сега ќе ти ја кажам пораката одма: „Две транвеститки нудат незаборавно шоу во вашите коли, а на крај нашите влажни јазици завршуваат на вашите врели тестиси“. ...Така ни идеше, значи, огласот: „Две транвеститки нудат незаборавно шоу во вашите коли“, демек. „На крај нашите влажни јазици завршуваат на вашите врели тестиси“. И тоа беше лудило! Телефоните... хаос, значи: „Алоо! Момент, ме бараат на втора линија“. „Ало, и чекај, ми звонат таму“. Хаос, значи. Хаос, хаос, хаос. Така ги наоѓавме клиентите на почетокот* (VN850124, 2013).

[2] Според етнографските истражувања може да се забележи дека сексуалните работнички ги користеле истите локални телевизиски канали што емитуваат целовечерни контактни емисии во живо како и момчињата во 2006–2007 година што преку локалните телевизиски канали сакаа да најдат истополов сексуален партнер.

Денеска соговорникот Л. не го користи овој начин на изнаоѓање клиенти, со оглед на тоа што има „*стални клиенти*“ и смета дека не е потребно јавно да го објавува неговиот телефонски број. Ова покажува дека за себе зборува со самодоверба, како реализирана „сексуална работничка“ со сите нејзини општествено - економски карактеристики.

> *Л.: Денес не ги користам затоа што не сакам да го објавувам мојот број. Ептен да биде јавно, ме разбираш? Затоа што постојат секакви будали. Нели, пак го кажувам, пак не е прифатено тука, тоа може некој да ме намести, да ме викне и да отидам и да бидам претепан таму. Ме сфаќаш? И затоа го користам мејлот најчесто, пошто... телефонскиот број ми нема никаква валидност пример, ме разбираш? Може да го скрши, да го фрли, или да биде купен на твое име, на ова име, на она име... А, сепак, адресата, на пример, ако ми се случи нешто, ќе се водам со тоа – јас ја имам неговата имејл - адреса, можеш преку имејл - адресата да го дознаеш кој е уствари човекот* (VN850124, 2013).

## Економизација на сексуалноста

Соговорникот себеси се препознава како „геј“, што се потврдува и во неговите почетоци во сексуалната работа, кога како „момче“, кое во сексуалните односи има рецептивна позиција, започнал од сексуалните партнери да бара пари. *Л.: ...коа си праиме муабет и она на мене ми вика: „Ама ти се облакаш така?“ Викам: „Јас се облакам така“, викам, „зашто јас во моментот се чувствувам така. Значи, во моментот го правам тоа, ама јас“, викам, „у позадината сум геј“ (VN850125, 2013).* Во машката ромска заедница, „мажите“ за овие „момчиња“ го користат локалниот термин на ромски јазик – *buljàshi*, кој е навредлив за односниот поединец. Во сексуалната работа, во зависност од потребите на *клиентите*, со позицијата во сексуалниот однос соговорникот Л. некогаш се дефинира како „маж“, некогаш како „жена“, но според начинот на облекување, себеси се доживува како „жена“, која на таков начин заработува за живот.

Причината зошто соговорникот Л. започнал да работи сексуална работа „како жена“ – *сексуална работничка* е идејата дека жените се тие што заработуваат повеќе пари во оваа работа.

> *Л.: Видовме на почетокот е многу лесно, дека сите доаѓаат, дека те бараат и сето тоа, и после тоа уствари ни текна дека можеме да заработуваме многу поголеми пари, како жени, пошто нормално дека секоја жена заработува поголеми пари од мажот во таа работа, во сексуалната работа. И дојдовме до идеја да се... да почнеме да се правиме како кросдресерки, почнавме да се облакаме како девојки значи, од свои 17 години почнавме да работиме како кросдресерки, и до ден-денес си функционираме така. Тоа го направивме, уствари, за поголема заработка да имаме* (VN850124, 2013).

Во сексуалната работа влегол со сексуално искуство, со дечковци или сексуални партнери. И.: ...претходно дававе услуги? Л.: Не, претходно значи си бевме онака, нормално, џабест, без пари (VN850124, 2013).

*Соговорникот во наративот за себе гради личен полов/родов идентитет, во чии рамки јасно може да се издвои периодот кога во процесот сексуалната работа станала важна и се поврзува со чувството како „жена“ од оној претходно, кога себеси се гради како „геј“.*

*Л.: ...моите почетоци се уствари од некојси четири-пет години, тогаш на мајка ми штиклите ги облакав, се шминкав, фустаните... И на мои 14 години, уствари го имав и првиот контакт со машко, и тогаш уствари се осознав јас самиот себеси, кој сум, дека мене уствари ме привлекуваат мажи, а жени не ме привлекуваат. И од тогашка си сфатив дека кој сум, си седнав, си размислив, си се видов во огледало, си кажав:да, јас сум тој, и тоа е тоа. Значи си го решив тоа уште од мали детски...* (VN850124, 2013).

По градбата на идентитетот како „геј“, тој надоградува идентитет во контекст на работата како „жена“, идентитет на „сексуална работничка“.

*Л.: Е па тоа беше уствари, ...со другарот дека немавме пари, отидовме, ја завршивме работата, земавме пари... Значи ние бевме геј, хомосексуалци, и после тоа хомосексуалци, станавме сексуални работници, немавме значи ама баш апсолутно ништо, ниту една цигара да запалиме, гладни бевме дента, немаше како, и дојдовме до идеја уствари што ќе идам со некого онака без пари, можам да земам и да заработам, на некого да му кажам: извини,* ***јас се продавам за пари****. Излеговме на улица, тогаш имаше позната улица „а...“, а.... у.... кај с... с.... а...., таму се собираа геј-луѓе...* (VN850124, 2013).

Од наративите на соговорникот може да се забележи дека значењето на идентитетот „геј“ се вкрстува со значењето на идентитетот „сексуална работничка“, согласно со употребата во говорот за практиките поврзани со сексуалната работа. Затоа може да се забележи дека „...сексот спаѓа во редот на комплексните човечки феномени (Middelthon 2002: 182), не само според неговите телесни туку и според културните и личните знаци во сексуалната пракса и сексуалните желби“.

Идеја дека половиот/родовиот идентитет може да се економизира му дала негова пријателка со поголемо искуство во сексуалната работа. *Л.: ...тоа ми е школо од една моја стара пријателка..., ми рече: „Ти си геј, и така се ебеш со сите без пари, вака можеш да си заработуваш“. И на четириесе и на пеесе години да бидам, па ќе им кажам: „Извини, пари дајте ми“. Со секого јас да се... на секого да му го покажувам телото, па за што? Кога можам* ***вака да си користам****, на пример, од некого (VN850124, 2013).* Така, соговорникот својот идентитет како „жена“ започнал да го гради во пракса. Тоа може да се забележи во наративот во кој зборува за себе како за реализирана „сексуална работничка“.

*Л.: Л. е комуникативна особа, весела, дружељубива... е жена, уствари девојка која работи сексуална работа, си има свои одредени клиенти значи, нормално си живее како секој нормален човек, само што кај нејзе е тоа што, кога се јавуват клиенти, она се трансформира како жена, не се трансформира дома, туку се трансформира кај клиентите, без разлика дали е хотел или стан. Зато што тука сепак кај нас кога ќе излезеш така, пак не е толку прифатено, како негдека во Западот, не е прифатено, и затоа Лили*

*се плаши, има страв од тоа, некој да не ја нападне на улица, да не ја вреѓа или тие работи. И.: Тоа се трансформира, што значи? Л.: Значи, од машко во женско. Кросдресерка. И.: Добро, а што значи тоа кросдресерка? Л.: Се облакам како женско значи, носам 100 % женски алишта, си имам перика, се шминкам, штикли, сѐ значи. Во права жена* (VN850124, 2013).

Ваквата политика во градењето на личната половост/родовост е во насока на реализирање на желбата за поголема економска заработка, како основна причина поради која соговорникот започнал со сексуална работа. Втората причина што придонесла да се гради идентитетот на ваков начин е потребата од доживување сексуално задоволство, поради што од самиот почеток оваа „работа" се доживува како „лесна". *Л.: Видовме на почетокот е многу лесно, дека сите доаѓаат, дека те бараат и сето тоа... (VN850124, 2013).*

Главната идеја на соговорникот била да создава и одржува сопствена мрежа од редовни, „*стални клиенти*". Во примерот на соговорникот Л., станува збор за мрежа меѓу „сексуална работничка" и *клиенти* од албанската, турската и македонската заедница од градот и надвор од градот Скопје, во македонски контекст. *Л.: А, иначе порано имав клиенти од Струмица, Штип. Најчесто клиенти, значи, тука во Скопје што доаѓаат тоа се Струмица, Штип, Тетово, Гостивар, Охрид, Битола. Тоа се шес* (ѕвони телефон) *града... (VN850126, 2013).* Тој избегнува *клиенти* од ромската заедница во градот Скопје, посебно од неговата населба, со оглед на тоа што се плаши да не го откријат. Откако влегол во светот на сексуалната работа на „отворена" сцена, со текот на времето соговорникот ја сменил својата основна стратегија и почнал да работи на „затворена" сцена. *Л.: ...во Македонија само по станови. Во затворен круг, значи, тука во Македонија (VN850124, 2013)* (...) *Или на ули... или на пример, негдека во природа или во хотел или кај нив дома (VN850126, 2013).* Соговорникот ги пронаоѓа *клиентите* првенствено преку оглас на македонска интернет-страница и со потенцијалните клиенти контактира преку скајп-профил или фејсбук-профил, каде што му оставаат пораки во инбокс.

*Л.: Тука во Македонија користам само фејзбук, имам моја фејзбук-страница, каде што, мислам фејзбук-профил, каде што сум со такви, ама... со лажен профил, ... нели, и го користам најчесто тој профил. Си го користам скајпот, бидејќи го пуштам огласот на наш, македонски сајт и оттука ги наоѓам јас уствари клиентите, само пуштам оглас, не оставам телефонски број, туку во инбокс да ми пратат, преку мејл да ми пратат порака и преку мејл се договараме, им кажувам на пример ако ми бараат слики, им пуштам слики, ако гледам уствари дека човекот е заинтересиран, му го давам мојот број да се договориме за подетални информации, се јавува он на телефон, се договараме со него за подетални информации. Ако му одговара, значи, идам се спремам, ако не му одговара воопшто никому ништо* (VN850124, 2013).

Профилот на „сексуалната работничка" го гради со помош на фотографии со кои гради личен визуелен наратив, кој е во согласност со неговите потреби. Еден од важните детали во рамките на сексуалната работа, кој се дефинира со градењето на визулениот наратив, е она што се нуди во сексуалната понуда. Со оглед на тоа што станува збор за дејство што во овие визуелни есеи ја вклучува телесноста, односно точно определени делови, се мисли на „телесната регија на анусот, ректумот

и простатата“ (Middelthon 2002: 181), кои јасно се дефинираат во рамките на „културните и општествените придобивки... на чинот, дејството – да се биде објект на пенетрација...“ Во контекст на реченото, во примерот со соговорникот примарна улога има позицијата во сексуалниот однос, која соодветствува на претставата за себе како за „жена“. Тоа се илустрира во наративите за сексуалните практики. *И.: ...а кај се чувствуваш подобро? Л.: Како жена. Пасивен. Тогаш се осеќам најубаво (VN850124, 2013).* Исто така, тоа е видливо и во изградените визуелни *пораки*, кои ги носат фотографиите на неговиот фејсбук-профил[3].



Соговорникот Л. себеси се доживува како „жена“ што „работи“ сексуална работа од задоволство, „што ја зајакнува самодовербата и го поттикнува сексуалното задоволство“ (Kulich 1998: 183), во чии рамки ја практикува, а со тоа и ја потврдува *позицијата* во сексуалната работа, ги дефинира услугите што ги нуди и го потврдува половиот/родовиот идентитет на „жена“ во ромската машка заедница.

[3] Фотографиите користени во текстот се преземени од фејсбук - профилот со дозвола од „сексуалната работничка“.



## Глобализација на идентитетот на *сексуална работничка*

Во примерот, градењето идентитет на *сексуална работничка* е во релација со искуствата со кои соговорникот се соочил во текот на неговата сексуална работа. Во овој пример, големо влијание има неговото тримесечно искуство на работа како „жена на улица“, „трансвеститка на улица“, односно работата како „кросдресер“ на „отворена сцена“ во градот Цирих, Швајцарија. *Л.: ...Значи како жена имам искачано само во странство. Бев во Швајцарија, во Цирих три месеци, таму имам работено како жена на улица, мислам како трансвеститка на улица, како кросдресер… (VN850124, 2013).* Во наративот на Л. ова искуство е важно зашто учел од сексуалната работа во Цирих, од што подоцна се стабилизира неговата работа на „затворена“ сцена во Скопје.

Откако соговорникот Л. започнал со сексуална работа, еден од начините на коишто доаѓал до потенцијални клиенти бил преку огласи. *Л.: ...најчесто ги наоѓам клиентите преку огласи, праќам оглас на интернет. И.: Имате некоја посебна..? Л.: Не, тоа е една, тоа е страна уствари за сите (VN850124, 2013).* Значајно за овие интернет- страници е тоа што нудат можност поединците да најдат интернет - пријатели, кои меѓу себе си помагаат.

> *Л.: Има посебни страни за геј-луѓе, „Геј Ромео“ и „ГејРојал“ се тие две страни, тие се уствари на... светско ниво, значи цел свет го опфаќаат тие страни, и си наоѓам исто и таму... Тоа „ГејРојал“ е уствари, тоа е повише германско, од Германија значи таа страница, повише Германци има таму и Швајцарци, Холанѓани, околу Германија што се државите значи тука. Е, тоа е уствари германска адреса, од Германија е таја, и може да си наоѓаш, тоа се најчесто на пример страници за негдека во странство да можеш да отидеш да најдеш некој партнер каде што ќе ти даде*

*на пример соба, што ќе те угости тебе, а ти да си работиш надвор од тој стан или таа соба* (VN850124, 2013).

Така, на соговорникот Л. во желбата да работи надвор од Македонија му помогнал еден од неговите интернет - пријатели, кој живее во Цирих, Швајцарија. *Л.: Јас уствари, се запознавме преку интернет јас и он, и он уствари сакаше да ми помогне на мене, да ме извлече од тука од Македонија, да отидам во Швајцарија (VN850124, 2013).* Неговиот пријател не знаел за неговата „работа“, знаел дека Л. е геј.

> *Л.: ...три дена седев само мирен, после три дена лудница ме фати. Кога ме виде Србинот, у несвест ќе паднеше, зошто он ме знаеше уствари како геј, не ме знаеше како кросдресер... И три дена значи шетав со него онака, не му кажував на него „ајде молим те однеси ме таму, таму и таму, да видам што има“, туку одоколу, одоколу го фаќав човекот за да го разгледам уствари местото каде што јас ќе можам да седам и каде што ќе работам безбедно, и му кажав на човекот уствари јас дека го работам тоа што го работам... Шок го фати него, уствари, кога ме виде како кросдресер и мене ми вика: „Јао Л., ти ли си ова?“ Ја му викам: „Јас сум“. Му викам: „Ајде“, му викам, „носи ме во некој кафич..., во некој клуб..., каде што се собираат такви луѓе...“* (VN850124, 2013).

Откако неговиот пријател дознал дека Л. работи како сексуална работничка, му помогнал да најде соодветно место за работа, но му дозволил да ја користи и неговата гостинска соба како простор за давање сексуални услуги.

> *Л.: Човекот ми рече на мене „нема проблем“, значи, „можеш да донесеш и кај мене во станот, си имаш ти твоја соба, јас од тебе пари нема да побарам за тоа ти што ќе го користиш тоа, ти си дојден кај мене тука на гости, јас те сакам како гостин...“* (VN850124, 2013).

Откако ја увидел целокупната ситуација, сексуалната работа ја започнал во геј-клуб, каде што ги сретнал првите клиенти.

> *Л.: Отидов таму во еден клуб, геј-клуб беше тоа, се запознав со еден човек, уствари, он самиот ми понуди „ајде ќе идеме во хотел“, јас му кажав „јас го работам ова, но го работам за пари, јас ќе идам со тебе во хотел, но еден час 150 франака ќе ми платиш на мене“. „Не е проблем“.* ***Е, таму почна целата работа*** (VN850124, 2013).

Откако започнал со сексуалната работа, го креирал и виртуелниот профил на сексуална работничка, која ја лоцирал во градот Цирих со цел полесно да доаѓа до потенцијални клиенти и од градот и од околните населени места. *Л.: После тоа, преку „Геј Ромео“, си се лоцирав дека сум во Цирих, на местото во Цирих дека сум, и од Цирих од околните места те бараат исто (VN850124, 2013).* По два и полмесечна сексуална работа во Цирих, соговорникот Л. се вратил во Република Македонија и продолжил да се занимава со сексуална работа, користејќи сличен начин на комуникација со потенцијалните *клиенти* во Република Македонија.

> *Л.: Пријателски значи сакаше уствари да ми помогне во Швајцарија, ама видов јас дека не можам да живеам без Македонија, без моето друштво, без родителите, дека стварно не можам без нив затоа и се вратив, тоа ми беше уствари причината што се вратив. Таму работев, колку... два и пол*

*месеци како сексуален рабо̄шник* (VN850124, 2013).

Како што видовме во примерот на соговорникот, тој себеси освен што се гледа како „сексуална работничка“, кога сака да ги потенцира „женските“ сегменти во сексуалната работа, дури на моменти и како „сексуален работник“, сакајќи да ги потврди неговите двојни телесни карактеристики во склоп на локалниот ромски концепт „и маж и жена“, себеси се смета и како „кросдресер“, идентитет што го усогласува со глобалните полови/родови идентитети на „кросдресер(к)и“, „трансвестит(к)и“, „жени на улица“ или како што уште се среќаваат, во однос на важноста на телесната естетика видена низ „долгата коса“ и „големите гради“. Како поддршка на *ӣро*глобалистичките идентитети што ги нуди „сцената“ – да не се отстрануваат „машките“ телесни карактеристики видени во машкиот полов орган, придонесува концептот „и маж и жена“ во сите негови варијанти да егзистира и понатаму.

## Заклучок

Визуелниот наратив има значајна улога во сексуалната работа на една сексуална работничка. Во овој текст видовме како еден поединец гради профил на „жена“ што работи сексуална работа и како, во рамките на виртуелниот свет, половиот/родовиот идентитет на „жена“ станува идентитет на „сексуална работничка“, чија сексуалност добива економска форма, која ја нуди за пари или друг вид надоместок. Преку визуелниот наратив, тој ја потврдува *ӣозицијаша* во сексуалната работа; ги дефинира услугите што ги нуди; и го потврдува половиот/родовиот идентитет на „жена“ во ромската машка заедница. Идентитетот на *сексуална рабо̄шничка* во рамките на *ӣро*глобалистичката сцена во ромската заедница во Скопје го формира во зависност од искуствата со кои се соочува во текот на работата, но главно во насока на поддршка на локалниот концепт „и маж и жена“ во сите негови варијанти.

## Користена литература:

Црвенковска - Ристеска, И. 2013. *Анйройолоīија на машкаша исшоӣолова сексуалносш во секојдневјешо – однесување и иденшишеш*, Скопје: Институт за етнологија и антропологија (ИЕА), ПМФ, УКИМ – Скопје.

Brents, B. G. and K. Hausbeck. 2007. “Marketing Sex: US Legal Brothels and Late Capitalist Consumption”. *Sexualities* 10 (4): 425–39.

Zelizer Viviana A. 2010. “Economics Lives”, во: *Money, Power, and Sex*. Princeton University Press.

Kulick D. 1998. *Travesti. Sex, Gender and Culture among Brazilian Transgendered Prostitutes*. (Ed.) Gilbert Herdt. The University of Chicago Press.

Middelthon A. L. 2002. “Being Anally Penetrated: Erotic Inhibitions, Improvisations and Transformations”. *Sexualities* 5 (2): 181–200.